МЕД МАКЕДОНСКО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО

# ИНФОРМАТОР #29

октомври—декември 2015



**Постојниот комитет на Бернската Конвенција бара суспензија на сите владини инфраструктурни проекти во НП Маврово, особено на предвидените хидроенергетски проекти Бошков Мост и Луково Поле!**

# Балканскиот рис е дел од листата на загрозени видови на IUCN




Балканскиот рис за прв пат се најде на листата на меѓународната унија за заштита на природата (IUCN) на 19 ноември 2015 година. За жал, неговиот статус е далеку од поволен и според стандардите на унијата тој е на праг од целосно исчезнување од нашата фауна.

Статусот „критично загрозен“ е даден според еден од петте критериуми што Унијата ги има воспоставено за загрозени видови, а тоа е, дека бројот на возрасни единки кои се способни за репродукција е помал од 50. Според литературните податоци, пад на неговата популација е забележан во последните 30 години кога е направена детална проценка на неговата бројност консултирајќи домашни и странски експерти. Главните причини низ годините за падот на популацијата се секако поврзани со распадот на Југославија и граѓанските немири во Албанија. Овие случувања несомнено довеле до истакнување на најзначајните закани за опстанокот на рисот, а тие се: криволовот, драстично намалување на неговиот плен и уништување и фрагментирање на неговите живеалишта.

Програмата за закрепнување на балканскиот рис, меѓу другото, веќе десет години се обидува да го спречи овој негативен тренд. Резултатите од интензивниот мониторинг покажаа дека барем во јадровите подрачја, Националниот Парк „Маврово“ и планината Мунела во Албанија, ова опаѓање е сопрено. Секако, опстанокот на балканскиот рис ќе зависи не само од овие, туку и од сите останати подрачја на Балканот кои поседуваат погодни живеалишта за рисот и неговиот плен.

По повод официјалниот влез на балканскиот рис во IUCN, МЕД организираше јавен настан на 19 ноември 2015 година. На настанот учествуваа стотина учесници од различни организации и институции релевантни за неговата заштита. Посебен придонес имаат и членовите на мониторинг мрежата кои во последните неколку години неуморно работеа во активностите поврзани со промоција, мониторинг и заштита на балканскиот рис. Дел од овој настан беше и промоцијата на документарното видео наменето на 10-годишнината од проектот. Пред проекцијата на видеото беше организирана и прес конференција за запознавање на јавноста со ова значајно достигнување кое би требало да му овозможи на балканскиот рис поповолни услови во понатамошната заштита, борба во справување со заканите и простор за понатамошно опоравување.

Контакт: Диме Меловски
*melovskid@mes.org.mk*

# ИНФОРМАТОР # 29

## БЕРНСКА КОНВЕНЦИЈА:

## Постојниот комитет на Бернската Конвенција бара суспензија на сите владини инфраструктурни проекти во НП „Маврово“, особено на предвидените хидроенергетски проекти Бошков Мост и Луково Поле!

На почетокот на декември оваа година, во советот на Европа се одржа состанок на постојниот комитет на конвенцијата за заштита на европскиот жив свет и природните живеалишта (Бернската Конвенција) на кој беше разгледан случајот за Националниот парк „Маврово“. Случајот беше отворен во 2014 година од страна на Комитетот поради постоење основано сомнение дека Македонија ги прекршува одредбите на Конвенцијата со носењето на одлука за спроведување над 22 хидроелектрани во рамки на паркот. Тогаш постојниот комитет одлучи да се спроведе истрага од страна на делегација на независни експерти и набљудувачи, со цел да се утврди степенот на закана врз биодиверзитетот од планираните хидроенергетски проекти. Заклучокот од оваа истрага спроведена во јуни оваа година, е дека **„Планираните хидроцентрали во НП „ Маврово“ не се компатибилни со статусот на заштита на Паркот и претставуваат закана за вредните екосистеми и видови и како такви не треба да се одобрат“.**




Извештајот дополнително ја потенцираше исклучителната вредност на Маврово за балканскиот рис, критично загрозен подвид на евроазискиот рис, од кој се останати помалку од 40 единки, а Маврово и неговата поблиска околина се единствено подрачје во кое тој сè уште се размножува. Заклучокот на независните експерти беше остро негиран од страна на делегацијата на Владата на Македонија за време на состанокот, и покрај тоа што преку Министерството за животна средина и просторно планирање, А.Д. ЕЛЕМ и ангажираните експерти, директно учествуваше во набљудувачката мисија.

Усвоената препорака на состанокот минатата недела бара **„Сите владини проекти во рамки на територијата на НП „Маврово“ да бидат суспендирани сè додека не се подготви Стратешка оцена за влијанието врз животната средина, ставајќи посебен акцент на кумулативните ефекти на сите планирани инфраструктурни проекти и активности на територија на Паркот, како и долгорочните ефекти на водните режими на реките Дрим и Вардар“**.

Дополнително, во рамки на оценката, Македонија треба да одговори на специфичните потреби за зачувување на видовите за кои Националниот парк носи посебна одговорност, вклучувајќи ги видовите и живеалиштата за кои ова подрачје е номинирано за Емералд подрачје и истите да ги земе предвид при носење на планот за управување со подрачјето. Усвоените препораки се резултат на жестока дебата во советот на Европа и се дипломатска модификација на оригинално предложените, многу поостри препораки. Имајќи предвид дека Македонија ја има ратификувано оваа конвенција во 1997 година, усвоените препораки се задолжителни. Согласно Уставот на РМ, меѓународните договори се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закони и владини одлуки. Доколку постои непочитување на истите, тоа претставува прекршување на меѓународниот правен поредок.

Контакт: Даниела Јовановска
*jovanovska@mes.org.mk*

# Пријателите на Шара во посета на националниот парк „Шварцвалд“ во Германија





„Пријателите на Шара“ од 08-11 октомври го посетија новопрогласениот Национален парк „Шварцвалд“ во Германија, со цел групата да се запознае со предизвиците и менаџирањето на едно заштитено подрачје како што е Шварцвалд. Посетата на паркот беше организирана од Еуронатур, МЕД како и Пријателите на Шварцвалд, здружение формирано во 2011 година, со цел промоција и лобирање за идно прогласување на „Шварцвалд“ за национален парк.

***- Германија има многу малку национални паркови, речиси сите шуми се управуваат за дрвната индустрија. Сакавме ова парче да остане зачувано за идните генерации, бидејќи доста уништувавме*** - рече Томас Браунагел од „Пријателите на Шварцвалд“ пред гостите од Македонија.

Пријателите на Шара имаа можност да научат нешто повеќе околу креативни кампањи и ефективно лобирање за едно подрачје да стане национален парк.

***- Посетата на Шварцвалд беше многу корисна за нас, научивме како треба да се биде гласен за природата, но и како треба да се заштитува природата*** - рече Александра Тимосиеска од Институтот за развој на заедницата од Тетово.

На студиската посета учествуваа шест претставници од МЕД, Институтот за развој на заедницата од Тетово, Центарот за едукативен развој (ЦЕД ) од Теарце и Планинарскиот клуб „Љуботен“ од Тетово. Во текот на 2016 година, Пријателите на Шварцвалд ќе ја посетат Шар Планина и ќе ја возвратат посетата во Македонија.

euronatur | sponsored by DBU Deutsche Bundesstiftung Umwelt www.dbu.de | ШАРА - SHARRI | МЕД MES

CED Center for Education and Development | И Р З Институт за развој на заедницата Community Development Institute Instituti për Zhvillim të Bashkësisë | Планинарски клуб Љуботен 1925

Фросина Пандурска Драмиќанин
*pandurska@mes.org.mk*

## На кафе со „Пријателите на Шара“



На 15 декември 2015 година, во Тетово, Пријателите на Шара организираа средба со невладини организации и здруженија од регионот на Шара. Благодарност до сите што дојдоа и ни ја дадоа својата поддршка. Добивме и убави пораки и желби за Шара на нашата новогодишна елка. Се надеваме дека ќе се исполнат и дека Шар Планина наскоро ќе се прогласи за Национален парк.

## ИНФОРМАТОР # 29

# Проект „Вода за езерата, блатата, изворите и луѓето на планината Јабланица“

Во завршната фаза од проектот „Вода за езерата, блатата, изворите и луѓето на планината Јабланица”, беа одржани четири работилници кои имаа за цел да ги презентираат постигнатите резултати од тековниот проект. Имено работилниците на тема еколошкиот статус на водите на планината Јабланица, нивната хидролошка состојба, стопанисувањето со шумите и практики за одржливо шумарство како и фактори и потенцијал на ерозија на планината беа одржани во с. Подгорци, с. Луково, општина Вевчани и општина Струга.



Според анализираните податоци, најголеми идентификувани закани по водните екосистеми се непланското каптирање на водата, безправно изградени резервоари и цевководи и цврст комунален смет. За шумските екосистеми како најголеми закани идентификувани се безправната сеча, чистата сеча и пошумување со алохтони видови на влажни живеалишта. Мерките за подобрување на состојбата со природните ресурси на Јабланица, се насочени кон користење на подземните води и планови за оджливо стопанисување со шумите.

Работилница на тема шуми и води и нивно управување беше одржана и во Националниот Парк „Шебеник“ во Албанија.

Целта на проектот беше да се идентификуваат најсилните притисоци по водните и шумските екосистеми на планината и да се дадат препораки за алтернативни водоснабдувања за локалните жители.

CRITICAL ECOSYSTEM PARTNERSHIP FUND

Контакт: Ивана Лозановска
*lozanovska@mes.org.mk*



BirdLife ја одржа средбата на своето европско и централно азиско семејство во Софија од 28 до 30 октомври оваа година. МЕД како член на семејството на ова најголемо светско партнерство за зачувување на биолошката разновидност активно учествуваше во програмата. Најзначајно за МЕД е тоа што беше одлучено да ја започне процедурата за станување на полноправен член на BirdLife според стратегијата за развој на партнерството и унапредување на капацитетите на локалните партнери.

Според главниот извршен директор на BirdLIfe, партнерството најсилно ќе се фокусира на следниве области за развој: комуникации, донации, развој на капацитети и зајакнување на партнерството. Дополнително на средбата за прв пат беа презентирани резултатите од глобалната анализа на капацитетите на сите локални партнери на BirdLife и од нив беа изведени заклучоци за најсилните и најслабите страни на кои треба да се посветат партнерите. Останатите сесии на средбата беа насочени кон програмите за зачувување на ретки видови, Значајните подрачја за птици и биолошка разновидност, миграторните птици и прелетните патишта и зајакнување на капацитетите на локално ниво. Следниот состанок на Европското и Централно азиското партнерство ќе се одржи во склоп на светскиот конгрес на BirdLife во 2017 година.

Контакт: Ксенија Путилин
*putilin@mes.org.mk*

## Претставување на придонесот на МЕД кон вториот Европски атлас на птици гнездилки, во Микулов, Чешка



http://www.ebcc.info/new-atlas.html
http://www.ebcc.info/what.html

Во периодот 26-29 октомври, МЕД учествуваше на средбите за европскиот атлас за птици гнездилки и Пан-европската шема за мониторинг на обични видови птици во Микулов, Чешка, заедно со претставници на националните атласи за птици гнездилки од цела Европа и партнерите во развивање на Пан-европската шема за мониторинг на обичните видови птици. Целта на средбите беше да се направи увид на сработеното кон европскиот атлас за птици гнездилки, да се укажат различните проблеми со кои се соочуваат различните партнери, како и заеднички да се најдат решенија за истите.

Контакт: Данка Узунова
*uzunova@mes.org.mk*

Македонија, преку работата на неколку домашни и повеќе странски експерти е во процес на прибирање податоци за европскиот атлас за птици гнездилки, што е во рамките на планираната динамика за истражувањето за Атласот. По презентирање на досегашните резултати од спроведувањето на ваквите истражувања во нашата земја, претставници на повеќе земји изразија желба да придонесат и помогнат кон спроведување на Атласот во Македонија. Дополнително, планирана е регионална обука за Атласот на ниво на мноштво балкански земји, обука за моделирање на податоците користејќи го софтверот TRIMMaps и R, финансиска помош за натамошната работа за Атласот преку мал грант, како и обука и зајакнување на националните капацитети за спроведување на истражувањата за Атласот.

Европскиот атлас за птици гнездилки е иницијатива на Европскиот совет за пребројување на птиците која започна да се спроведува во скоро сите европски држави од 2014 година и ќе се спроведува до 2017 година, кога и се очекува објавување на резултатите.

# Трето продолжение на проектот „Поврзување на луѓето со природата“

Од јули, 2015 година МЕД продолжи со реализација на проектот со наслов „Поврзување на луѓето со природата“ преку вклучување на македонските граѓани како волонтери за заштита на природата. Во оваа фаза како соработници се јавуваат Plantlife и Меѓународната унија за заштита на природата (IUCN).



*Овој проект претставува амбициозна иницијатива за заштита на диви видови растенија во земјите од Југоисточна Европа, фокусирајќи се на медитеранскиот регион. Со комбинирање на искуствата од организации како што се Plantlife и IUCN, 11 организации од 11 земји од Југоисточна Европа ќе се обидат да пренесат знаење и искуства на национално ниво во врска со значајни видови растенија и нивните живеалишта. За време на проектот, сите партнери ќе преземат активности за заштита на растенијата во склоп на 20 значајни растителни подрачја (ЗРП) во шест земји (Мароко, Алжир, Либан, Црна Гора, Турција и Македонија) кои вклучуваат голем број заинтересирани граѓани, здруженија, истражувачки институции и други.*

Во Македонија овој проект ќе се спроведува во времетраење од 18 месеци со активности во значајните растителни подрачја: Дојран, Богданци, Преспа и Илинска Планина. По тој повод, на 25 и 26 ноември во Скопје се одржа и воведна работилница на која учествуваа претставници од организации, институции и волонтери од одбра-ните значајни растителни подрачја. „Арт Поинт Гумно“ од Слоештица (ЗРП Илинска Планина), „Акција плус“ од Ресен (ЗРП Преспанско Езеро), „Полимат 13“ од Богданци (ЗРП Богданци) „Ренатура“ од Дојран (ЗРП „Дојранско Езеро“) се организациите кои се вклучија кон овој проект. Целосна поддршка добивме и од неколку институции, како основни и средни училишта од Демир Хисар (ОУ „Браќа Миладиновци и СОУ „Крсте П. Мисирков“), општината Ресен и волонтери од одбраните подрачја.



Во следните 13 месеци овие организации и институции ќе бидат вклучени во активности насочени кон популаризирање и афирмирање на значајните растителни подрачја во кои дејствуваат. Ќе се спроведуваат и мониторинг активности на одредени растителни видови, значајни како на национално, така и на меѓународно ниво.

Контакт: Наталија Меловска
*angelova@mes.org.mk*

# Заврши спроведувањето на малите проекти на подрачјето на Илинска и Плакенска Планина














Годинава, по втор пат се спроведе програма за мали грантови на подрачјето на Илинска и Плакенска Планина, во рамките на проектот Програма за закрепнување на балканскиот рис. Целта на програмата беше запознавање на локалното население со потребата од заштита на природата, воспоставување на нови заштитени подрачја и придобивките кои произлегуваат од нив, преку подготовка и спроведување на мали и краткорочни проекти поврзани со подигање на јавната свест и едукација, промоција на природните вредности и одржливо искористување на природните ресурси. Согласно програмата, финансиски беа поддржани шест краткорочни проекти, и тоа:

- „Поздравете ги птиците од Илинска и Плакенска Планина“ – Арт Поинт Гумно,
- „Промоција и заштита на уникатната природна реткост–извор во с. Прополжани“ – Здружение за развој на село Брждани „Брждани 2010“,
- „Дабова состоина Мренога - Уникатна природна реткост и нераскинлив дел од Плакенска Планина“ - Здружение за развој, заштита и унапредување на општеството „ПОЛЕНКА“,
- „Заштита и промоција на Блатниот Даб во с. Слоештица“ - ОУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар,
- „Илинска Планина на дланка“ - Планинарско друштво „Бигла 2013“, и
- „Мапирање и обележување на туристичко-излетничките ремек дела на изворите на Црна Река и Железнец“ – општина Демир Хисар.

Сите проекти се спроведоа во периодот март - октомври 2015 година. Програмата беше заокружена со завршен настан кој се одржа во ноември 2015 година во основното училиште „Гоце Делчев“ во Демир Хисар, на кој покрај претставниците од МЕД и Еуронатур, учествуваа претставници од сите организации координатори на малите проекти во рамките на програмата. Секоја организација накратко го презентираше својот проект со главните цели, активности и постигнатите резултати, а на крајот од настанот заеднички се дискутираше за придобивките кои ги имаат локалните организации, како и локалното население во регионот со спроведувањето на програмата.

euroNATUR
sponsored by DBU Deutsche Bundesstiftung Umwelt www.dbu.de

Контакт: Александар Стојанов
*stojanov@mes.org.mk*

# Заврши спроведувањето на малите проекти на Јабланица во рамките на БЛРП 3





По повод завршувањето на вториот круг мали грантови за Јабланица во рамките на Програмата за закрепнување на Балканскиот рис 3, МЕД заедно со локалните организации и соработници организираше завршен настан во Струга, на почетокот на октомври 2015 година. Главната цел на настанот беше да се презентираат постигнатите резултати од сите реализирани проекти. На настанот учествуваа и претставници на останатите локални НВО со кои МЕД има долгогодишна соработка. Особено беше важно присуството на претставници од локалната самоуправа, како и на пратеничката г-ѓа Затуроска, која како локална избраничка долги години ја поддржува работа на МЕД и иницијативата за прогласување на Јабланица за заштитено подрачје.

Согласно програмата за работа, на самиот почеток беа проследени презентациите на сите пет проекти и постигнатите резултати. Потоа следуваше мала дискусија на која главно се зборуваше за потребите од прогласување на Јабланица за прекугранично заштитено подрачје и за продолжувањето на соработката помеѓу МЕД и локалните НВО кои работат во областа на екологијата и заштитата на животната средина. Пратеничката Затуроска ја истакна потребата од отпочнување јавна дебата во блиска иднина на која ќе бидат дискутирани сите позначајни и актуелни еколошки проблеми во Јабланичкиот регион.

Контакт: Ѓорѓе Иванов
*ivanov@mes.org.mk*

# По „Патеката на клукајдрвчето“

Во 2014 година, во рамки на програмата Натурегио Балканс, беше имплементиран малиот проект „Промоција на вредности на стара букова шума“, преку кој беа спроведени едукативни активности за деца од петто одделение, во две основни училишта од Кочани: „Кирил и Методиј“ и „Малина Попиванова“. Дел од едукативните активности опфатија разни игри и интерактивни предавања во училниците на децата за вредностите на буковата шума, кои беа проследени со едукација во природа, каде преку прошетка на „Патеката на клукајдрвчето“ поставена во стара букова шума на Пониква, им беа покажани вредностите на буковите шуми.



Оваа година во рамките на Програмата за зачувување на природата во Македонија, чиј национален координатор е Фармахем, а финансиски поддржано од Швајцарската агенција за развој (SDC) беше одобрено продолжение на претходно споменатиот проект. Новиот проект, наречен „Патеката на клукајдрвчето“ започна во октомври 2015, а активностите опфаќаат подобрување на патеката, преку нејзино прилагодување на новите планови на општините Пробиштип и Кочани за изградба на урбана викенд населба на дел од патеката, маркирање на патеката, збогатување со информативни табли со дополнителни знаменитости итн.

Освен ова, планирано е изработка и публикување промотивен материјал, водич за патеката наменет за едукативни работници, организација на работилници за зајакнување на капацитетите на општината и локалното население за препознавање и зачувување на богатата биолошка разновидност, како и јавен настан за промоција на патеката.

ФАРМАХЕМ FARMAHEM

ПРОГРАМА ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ПРИРОДАТА

МЕД MES

Контакт: Евгенија Јорданова
*jordanova@mes.org.mk*

# Јавно предавање: Неверојатниот жив свет на Македонија - видови за кои не сте знаеле дека постојат!

На 3 декември 2015 година, Истражувачкото друштво на студенти биолози (ИДСБ) организираше јавно предавање на тема „Неверојатниот жив свет на Македонија- видови за кои не сте знаеле дека постојат“.



Во текот на предавањето беа претставени информации и фотографии од животински и растителни видови за кои јавноста до сега не слушнала или не видела. Се дискутираше околу видови кои живеат во Македонија, но поради својот изглед, форма, или екологија, на јавноста најчесто ѝ делуваат атрактивни и неверојатни. На предавањето се побија и некои народни митови и легенди како и небулози поврзани со животот на некои видови.



Месојадни и паразитски растенија, отровни габи, огромни инсекти, змии и гуштери како и истребени птици беа само дел од видовите кои беа претставени. За време на настанот, беше изложена и мала поставка со препарирани и хербаризирани видови како и микроскопи и бинокулари за добивање на целосна слика за живототот на дел од претставените видови.



Контакт: Кирил Арсовски
***idsbiolozi@gmail.com***

МЕД МАКЕДОНСКО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО

# Обука за картирање на живеалишта во Значајни растителни подрачја (ЗРП) Шпанија, Малага



Во текот на ноември, во Шпанија, на иницијатива на Меѓународната унија за заштита на природата - IUCN (Центарот за медитеранска соработка), беше организирана шест-дневна обука за мапирање живеалишта во ЗРП од медитеранскиот регион.

Обуката им овозможи на учесниците да се стекнат со основни вештини во користење на слободниот QGIS софтвер, пронаоѓање и обезбедување податоци, инкорпорирање на податоците во QGIS и креирање карти на живеалишта во рамките на границите на значајните подрачја, како и инкорпорирање на податоците за живеалиштата и видовите во зоните на одделните ЗРП. Освен работата на софтверот, обуката вклучи и теренска работа каде беа презентирани практични и едноставни техники за теренски истражувања преку користење на DAFOR методата, со цел да се потврди методологијата за картирање на живеалиштата, повеќе техники за структуриран запис на податоците, процена на полезноста на податоците за некои видови и верификација на плановите за зонирање.

IUCN Royal Botanic Garden Edinburgh Centre for Middle Eastern Plants PART OF THE ROYAL BOTANIC GARDEN EDINBURGH



Обуката беше организирана во рамките на Биосферниот резерват „Сиера де лас Ниевес“ кој истовремено е и Парк на природата , во Малага, Шпанија.

Тимот за обука беше формиран од страна на експертите од Кралската ботаничка градина во Единбург/Центар за блискоисточни растенија (RBGE/CMEP). На обуката учествуваа 27 претставници од Алжир, Тунис, Мароко, Либан, Црна Гора и Македонија. Претставникот на МЕД Васко Авукатов, кој ја претставуваше Македонија, претстави дел од методологијата која МЕД ја користи во својата работа преку користење на софтверите MEMENTO и ORUXMAPS.

Контакт: Васко Авукатов
*avukatov@mes.org.mk*